

**д-р Благородна Камчева Лакинска**
Редовен професор

Проф. д-р Благородна Лакинска е родена на 09.08.1946 година во с. Бохула, Кавадарци. Основно училиште завршила во родното место, а учителска школа во Скопје. Во 1970 година дипломирала на групата за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Магистрирала 1981 година при Центарот за информациони науки на Универзитетот во Загреб. Докторирала 1989 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1971 година е избрана за асистент-стажант, а во 1973 година за асистент по предметот дидактика на Групата за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. За наставните предмети советување и ориентација и педагогија општ курс е избрана 1980 година. Во 1989 година е избрана за доцент по предметите дидактика, советување и ориентација и педагогија општ курс, а во 1994 година е избрана за вонреден професор по истите предмети. За редовен професор по предметите дидактика, дидактика со специјална дидактика, советување и ориентација и педагогија општ курс е избрана во 1999 година.

Реализирала настава на додипломски студии на Институтот за педагогија, Институтот за дефектологија, Природно-математичкиот факултет и на Филолошкиот факултет во Скопје, како и на Педагошкиот факултет во Штип и Учителскиот факултет во Битола. Активно била вклучена и во работата на последипломските студии на Институтот за педагогија и Природно-математичкиот факултет во Скопје. Била ментор и член на комисии за одобрување, оценка и одбрана на повеќе магистерски трудови и докторски дисертации.

Активно учествувала во бројни проектни активности и објавила голем број стручни и научни трудови. Особено значајни биле нејзините истражувања за самостојната работа на учениците, во кои ги анализирала можностите за поефикасно користење на учебниците и другите печатени материјали во наставниот процес. Преку своите трудови, укажувала на потребата од создавање на наставна средина која го поттикнува критичкото мислење, самостојното учење и активното учество на учениците, со што дала важен придонес за разбирањето на современиот наставен процес и за унапредувањето на педагошката практика. Исто така, учествувала на многубројни научни и стручни собири, конференции, семинари, трибини и дискусии организирани на значајни теми од педагогијата и образованието, како на национално, така и на меѓународно ниво. Била рецензент и стручен консултант на различни научни, стручни и учебни публикации, придонесувајќи за нивниот квалитет и развојот на педагошката литература.

Покрај наставната, научно - стручната дејност, проф. д-р Благородна Лакинска, имала и мошне богата и плодна општествено - стручна дејност. Била продекан на Филозофскиот факултет во Скопје, раководител на Советот за последипломски студии при Институтот за педагогија, член на комисијата за формирање на Педагошкиот факултет во Штип, претседател на Сојузот на педагошките друштва на Македонија, соработник на Педагошкиот завод на Македонија, директор на Државниот просветен инспекторат при Министерството за образование и наука итн. Проф. д-р Благородна Лакинска дала значаен придонес и преку своето учество во работата на бројни комисии и стручни тела во воспитно-образовни и научни установи. Таа била активно ангажирана и во органите на Министерството за образование и наука, како и во различни универзитетски тела во Република Македонија. Со својата стручност, научен авторитет и професионална посветеност придонела кон унапредувањето на воспитно-образовната и научноистражувачката дејност

Библиографија


- *Самостојната работа на ученикот во наставата*, АД "Даскал Камче" Кавадарци, (второ дополнето издание) 1996.
- *Самостојната работа на ученикот во наставата*, АД "Гоце Делчев", Скопје, 1992.
- *Нова концепција на Државниот просветен инспекторат*, МОН, Скопје, 2004.
- *Прирачник за проектните активности по урбана култура (театар, филм и мултимедиа) за учениците од средните училишта* (коавтор), Просветно дело, Скопје, 2004.
- *Прирачник за средните училишта "Споменици на културата и архитектонски објекти"* (коавтор), Просветно дело, Скопје, 2004.
- *Хуманистичкото, психолошко, педагошко и дидактичко - методичко образование - актуелна потреба во оспособувањето на наставните кадри,* Зборник "Хуманистичкото образование на универзитетите во Република Македонија", Филозофски факултет, Скопје, 2003.
- *Работни тетратки за проектните активности по урбана култура за учениците од гимназија* (коавтор), Култура, Скопје, 2003.
- *Интерактивна комуникација во воспитно-образовната работа на училиштето*, Воспитание, Педагошки факултет, Штип, 2001.
- *Комуникацијата во воспитно-образовната работа на училиштето*, Зборник "Образованието на балканите-традиции и перспективи", Благоевград, 2001.
- *Односот помеѓу целите на наставата и оценувањето успехот на учениците*, Зборник "Оценување постигањата на учениците", Скопје, 1999.
- *Проекција на развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија,* Редакција на списанието "Просветно дело", Скопје, 1994, (коавтор).
- *Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија - Развој и модернизација*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1977, (коавтор).